РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

| Примено: 14-06-2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг единици | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 594 | 1 | |

Арх. знак 1008
Рок на чување 5Г
14.06. 22 год.
Потпис

**До:**
Соња Христова-Јовановиќ
ул.„Иво Лола Рибар" б.б.
Општина Валандово
2460 Валандово

**Барање**

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Според јавната достапност на буџетските документи на официјалната веб страна и Службен Гласник наопштина Валандово,потребни ни се следните информации:

1. Квартални извештаи за 2021 година, односно за првиот, вториот, третиот и четвртиот квартал од 2021 година.
   Доколку се објавени на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истите, во спротивно да ни ги доставите во електронска форма.

2. Граѓански буџет за било која година.
   Доколку е објавен на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истиот, во спротивно да ни го доставите во електронска форма.

3. Отчет за 2021 година
   Доколку е објавен на Вашата веб страна, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истиот, во спротивно да ни ги доставите во електронска форма.

4. Стратегија за управување со ризици
   Доколку е објавена на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме да ни доставите линк од истата, во спротивно да ни ја доставите во електронска форма.

5. Дали граѓаните редовно присуствуваат на седниците на општинскиот Совет? Дали Седниците се отворени или граѓаните треба претходно да се пријават за присуство?

6. На кој начин општината ги информира граѓаните за јавните расправи или седници на Советот на кои можат да присуствуваат?

7. Дали Извршната власт организирала јавна расправа по основ на Завршна сметка на општината за 2021?

8. Доколку да, дали на седницата на Советот при изгласување на Завршната сметка, имало присутни граѓани?

Форма во која се бара информацијата:
а) увид
б) препис
в) фотокопија
*__г) електронски запис__*
д) друго-------------------------------------------------------------------
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) по пошта
б) телефон
в) факс
***г) е-маил*** [redacted]
д) друго---------------------------------------------------------------------
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

**Барател на информацијата**:
[redacted]

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Место: [redacted] Датум:13.06.2022

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-594/2
14.06. 2022 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Градоначалникот на Општина Валандово, постапувајќи по барањето за пристап до информации од јавен карактер од 13.06.2022 година, поднесено од [redacted] заведено под бр.10-594/1 од 14.06.2022 година, врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 101/19), член 50 став 1 точка 11 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002), член 36 став 1 алинеја 5 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, донесе

## РЕШЕНИЕ

### за усвојување на Барање за пристап до информации од јавен карактер

1. **СЕ УСВОЈУВА** Барањето за пристап до информации од јавен карактер од 13.06.2022 година, поднесено од [redacted] заведено под бр.10-594/1 од 14.06.2022 година.

2. Информацијата од јавен карактер која се бара Општина Валандово, како имател, ќе ја даде преку овластеното службено лице за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации, во законски утврдениот рок и во бараната форма, освен ако информацијата веќе постои во однапред пропишана форма и е достапна на јавноста.

### Образложение

[redacted], достави Барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено под бр.10-594/1 од 14.06.2022 година.

Постапувајќи по барањето, Градоначалникот на Општина Валандово, во согласност со одредбата од член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, утврди дека Општина Валандово е имател на информацијата од јавен карактер која се бара, па одлучи како во диспозитивот на Решението.

Поради причини од член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барателот може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена.

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

Изработил: С. Димитров
Контролирал / Одобрил: Б. Киров

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Ул.„Иво Лола Рибар" 6б, 2460 Валандово
Тел. +389 (0)34/382-044
www.valandovo.gov.mk

Општина Валандово
Република Северна Македонија

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-594/3
20-06 2022 год.
Валандово

ДО

[redacted]

ПРЕДМЕТ: Одговор на Ваше барање по ЗСПИЈК од 13.06.2022 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање по ЗСПИЈК од 13.06.2021 година, заведено под бр. 10-594/1 од 14.06.2022 година, во прилог Ви ги доставуваме бараните податоци од Општина Валандово и тоа:

1. Кварталните извештаи за 2021 година (прв, втор, трет и четврти квартал), се објавени на нашата веб страната на општината, на следниот линк

   https://www.valandovo.gov.mk/%D0%9E%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8%D0%BD%D0%B8/%D0%94%D0%BE%D0%BA%D1%83%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B8/%D0%A4%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%B8%D0%B8.aspx

2. Општината досега нема објавувано Граѓански буџет,
   - објавува јавен повик во фаза на изготвување на буџетот, каде што граѓаните преку електронски формулар и апликацијата мЗаедница имаат можност да дадат свои предлози и идеи. (во прилог линк од повикот:
     ttps://www.valandovo.gov.mk/%D0%9E%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8%D0%BD%D0%B8/%D0%9F%D1%80%D0%BE%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%B8/%D0%9D%D0%BE%D0%B2%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B8/2021/%D0%98%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%81%D1%82%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5_%D0%B4%D0%BE_%D0%B3%D1%80%D0%B0%D1%93%D0%B0%D0%BD%D0%B8/%D0%9A%D1%80%D0%B5%D0%B8%D1%80%D0%B0%D1%9A%D0%B5_%D0%BD%D0%B0_%D0%91%D1%83%D1%9F%D0%B5%D1%82_2022.aspx) ;
   - објавува Нацрт-Буџет каде може да да се предлагаат негови измени и дополнувања и
   - објавува донесен буџет.

3. Отчетот за 2021 година-Завршната сметка, е објавена на веб страната на општината, на следниот линк

   https://www.valandovo.gov.mk/CMS/Upload/Dokumenti/Finansii/%D0%97%D0%B0%D0%B2%D1%80%D1%88%D0%BD%D0%B0%20%D1%81%D0%BC%D0%B5%D1%82%D0%BA%D0%B0%202021%20%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B0.pdf

4. Стратегијата за управување со ризици Ви ја доставуваме во електронска форма.
   Моментално се работи на нејзино ажурирање, со важност од 2022 до 2025 година.

5. Бидејќи седниците на Совет директно, јавно и во живо се пренесуваат на социјалните мрежи преку официјалниот профил на локалниот медиум Радио Валандово, досега не е пројавен интерес од граѓани за присуство на седница на Советот.
   Седниците на Советот се отворени и граѓаните по претходна најава можат да присуствуваат на истите.

6. Општината ги информира граѓаните за јавните расправи или седници на Советот, на кои можат да присуствуваат, преку средствата за јавно информирање и објава на нејзината веб страна.

7. Извршната власт нема организирано јавна расправа по основ на Завршна сметка на општината за 2021 година.

Со почит,

Општина Валандово
во име на лицето задолжено за посредување со
информации од јавен карактер
Соња Христова-Јовановиќ

Секретар на Општина Валандово
Боро Киров

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

Ул.„Иво Лола Рибар" 6б, 2460 Валандово
Тел. +389 (0)34/382-044
www.valandovo.gov.mk